Благоја Маневски

# ТЕРИТОРИЈА

музеј на град скопје



Пламен и чад , што каса, го осветлува нашето катче. Flame and stinging

Eckchen.

Иста соба, ист час и иста мудрост: а и јас - ист. The same room, the same mom

und dieselbe Weishe: und ich - der selbe.

Flame and stinging smoke are illuminating our nook. Flamme und beisender F

Dasselbe Zimmer, derselbe Augenblick und dieselbe Weishe: und ich - der selbe. Иста

Flamme und beisender Rauch erhellen unseres Eckchen. Пламен и чад , што каса, г

The same room, the same moment, and the same wisdom: and

derselbe Augenblick und dieselbe Weishe: und ich - der selbe.

Благоја Маневски Blagoja Manevski

# ТЕРИТОРИЈА - TERITORY

инсталација installation

Музеј на град Скопје - Museum of the City of Skopje
февруари - February 1997

---

*Првата идеја на Благоја Маневски за инсталацијата "Територија" беше преградување на ходник. Натамошниот тек на оваа замисла во процесот на реализација имаше повеќе промени и прилагодувања, но споменатата идеја остана иста.*

*Во изложбениот салон на Музејот на град Скопје, чија особеност е неговата издолжена основа, подигнати (изградени) се два ѕида (нивната височина е 4, 30 м.) од огревно дрво што го сечат попречно просторот создавајќи темна просторија со два влеза. Внатре се инсталирани 10 телевизори (по 5 на двете страни) поставени на пониските попречни "ѕидови" од јаглен. На нивните екрани континуирано се движат два текста (на црвена и сина основа): "Пламен и чад што каса, го осветлува нашето катче" и "Иста соба, ист час и иста мудрост: а и јас ист"*

*Во темниот простор светлината од екраните ја поништува целата материјалност на делото (за него беа употребени 56 кубни метри дрво и околу 11 тони јаглен), создавајќи недифиниран простор - една територија што се наоѓа на прагот меѓу природното и артефицијалното. "Територијата" во себе ја содржи идејата за целосно опросторување на ликовната мисла што треба да се реализира во еден конкретен простор (во овој случај во долгата сала на Музејот на град Скопје), кој како гравитациско поле треба да ги впие и води сите пластични и знаковни елементи на делото. Во неа се присутни повеќе ликовни постапки и принципи применувани во модерната и високата модерна уметност. Таа е истовремено и инсталација и амбиент и објект со елементи на акумулација. Во формален поглед делото се остварува како спротивставување на природните и артефицијалните материјали. Присутен е и уште еден контрапункт - природната состојба на јагленот и дрвото и наспроти строгоста и рационалноста во нивното редење. Материјалот инсталиран во изложбената сала поседува значителна количина на енергија која на ниво на овој проект се наоѓа во состојба на потенција. Огинот е имагинарната енергетска граѓа од која е изграден овој објект (соба, куќа, просторија или како што ја определува Маневски - територија.) Неговата форма ја материјализира силуетата на пресекот на салонот која со својата едноставност и примарност треба мигновено и непречено да го оствари своето влијание. Тоа се надополнува и со пропратните својства на материјалот - мирисот на дрвото и јагленот, прашината итн. Минималистичките тенденции, и покрај невообичаеноста на употребениот материјал, се во позадината на ова дело.*

*На ниво на концепт објектот се наоѓа во позиција на прекин на една дијахрониска низа (издолжената основа на салонот) каде што се одвиваат определени иницијациски, обредни, постапки на преобразба по кои дијахрониската низа продолжува (во идејата за преградување на долг ходник), или наидува на безизлез (во остварениот концепт во Музејот на град Скопје). Како и во повеќето свои дела, и тука Маневски остава толковниот модел да нема статични позиции, туку да плови меѓу алегориите за алхемиските преобразби и споменатите сентенци што се движат во темнината на просторот. Територија на преобразба и (или) територија на длабока интимност на авторот. Освен изложените опсервации, последното остварување на Маневски поседува,како проект, уште неколку нивоа на значење што се преплетуваат со некои негови принципи во практиката на изведувањето на делото, што во помал или поголем обем свесно ги замаглува нивните контури. Бојан Иванов забележува (За облиците и устројствата, повторно. Во: Благоја Маневски, каталог, Уметничка галерија, Скопје, 1995) дека: "Главниот авторски интерес всушност му е посветен на совладувањето на отпорот, на премавнувањето на извесната колебливост со која што нештата ѝ се подаваат на обликувачката свест на уметникот. Имено, Маневски повторно ја испишува драмата во која човекот ја стекнува својата суштина единствено преку ефектите на сопственото постоење во светот, но овој пат без типичниот цинизам на денешнината". Авантурата во создавањето на "Територија" беше многу интересна пред сѐ поради совладувањето на големото количество на материјал,*



*но и поради постојаните прилагодувања и промени кои нормално ги следат ваквите проекти. Она што во ова ситуација лично ми е најинтересно, е чувството дека ваквиот принцип на работа е во континуитет со поголемиот дел од неговото творештво, а определен број дела од различни фази поседуваат истоветни појдовни претпоставки.*

*"Територија" во некои пунктови е блиска со еден друг проект на Маневски изведен во 1994, а презентиран на неговата самостојна изложба во Уметничката галерија во Скопје во 1995 како фотографии од него - "Вада а " и Вада б". Иванов (во споменатиот текст) ги бележи побудите за него: "Големиот круг на калливото крајбрежје на Дебарското Езеро... е производ на едноставната фасцинација со униформноста на една природна структура и поривот во неа, со едноставни средства да се впише извесен поредок од вишо рамниште". За кружната лента од Вада пишува и Валентино Димитровски (Аспекти на актуелната уметничка "сцена". Големото стакло, бр. 4, 1997): "Кружната форма со својата тоталност и самодоволност (трагите од изведувањето би имплицирале негација на нејзината целост) делува како да е по себе, како природен феномен. Но геометриската правилност ја негира таа посебност, "природност". Делото вибрира во ова двојно кодирање...".*

*Процесите на изведба и презентација на овие остварувања се сосема различни. Кои се нивните допирни точки? Во еден просторен контекст (исушеното крајбрежје на Дебарското Езеро односно издолжената основа на еден галериски простор) се вметнуваат алегории за еден "поредок од вишо рамниште" (кружната лента или просторијата за иницијациска преобразба). И двете дела се презентирани како позиции во кои "вишото рамниште" е присутно како дадена, постоечка состојба. Избришани се сите траги од изведбата. Тие треба да бидат просторен факт, факт во кој не постои прашањето за нивното настанување. Вада е всушност "Вада а" и "Вада б", фотографии изложени во галерија, а "Територија" е инсталација која пред публиката се отвара откако целата таа авантура со натрупувањето на материјалот и неговото редење завршува, а подот грижливо се чисти од трагите на работењето. Впечаток е дека една од константните тенденции на Маневски е нагласувањето на самата материјалност на делото, неговата присутнос во просторот што вообичаено резултира со големи формати и дистинкција од просторот во кој тие се наоѓаат (Sponzus и Sponza, Хрибла, Биндери и др.)*

*Оваа позиција на делото како факт во просторот скоро нужно води кон затемнување на процесот на изведбата, кон неговото ништење. Но во Вада како значаен заднински (имагинарен) дел е присутен процесот на неговата изведба кој јасно се чувствува, но чии траги се педантно избришани. Дури како Вада, чин или факт во времето и просторот, таа не постои. Дефинирана е како "Вада а" и "Вада б", фотографии одделно каширани на 12 алуминиумски плочи, каде што впрочем кругот (поради аголот на фотографирање) е елипса.*

*Во "Територија" наидуваме на блиска позиција. Таа е јасен просторен факт за кој процесот на неговото настанување е релативно небитен. Но, таа е создадена од, за галериски норми, по количество голем материјал. Материјал што сам по себе, внесен во галериски простор, поседува сопствена изразна моќ. Заднинскиот момент на "Територија" е натрупувањето на просторот со материјал. Внесен во галериски простор тој го добива предзнакот на јазичен елемент, било да е растурен по галеријата или организиран во изграден објект. Откако тој беше внесен во салонот на Музејот на град Скопје процесот на градењето можеше да биде прекинат во кој било момент (за што кај авторот постоеја видни дилеми) а делото да задржи од важните тенденции на Маневски - остварување на снажна присутност во просторот.*

*"Територија" и покрај новиот изведбен материјал се наоѓа во континуитет на ликовните размислувања на Маневски. За неа сеуште важи принципот кој Лилјана Неделковска (пишувајќи за објектот Sponzus и Sponza од 1990 во Големото стакло, бр. 2, 1995) го именува како "парадокс на презентацијата". Делото во неа"... од една страна се нуди како компактно и хомогено тело, а од друга страна ги нагласува токму разликите и играта на односите".*

***Лазо Плавевски***

The original idea of Blagoja Manevski for the installation "Territory" was to partition a corridor. In the course of the realization of this idea he had to make several changes and adaptations, but the basic idea remained unchanged.

In the showroom of the Museum of the City of Skopje, interesting for its longish base, the artist raised (constructed) two walls of firewood (4.30 m. high) that transversely divided the room, forming a dark compartment with two entrances. In that compartment the artist installed two TV sets (5 on each side) and placed them on the high parapet made of coal. The screens of the TV sets were repeatedly showing two sentences: "Flame and stinging smoke are illuminating our nook" and "The same room, the same moment, and the same wisdom: and I - the same".

In the dark compartment the light from the screens annuls the entire materiality of the installation (built of 56 m3 of wood and 11 tones of coal), enclosing an undefined space, a territory that is on the edge between the natural and the artificial. "Territory" implies the concept of a total spacing of the artistic idea, rendered in a particular room (in our case the longish showroom of the Museum of the City of Skopje), that should act as a gravitation field which absorbs and guides all the plastic and symbolic elements of the installation. The course of its construction involved several artistic procedures and principles applied in the Modern and in the late Modern Art. It simultaneously acts as an installation, as an ambiance and as an object with elements of accumulation.

Formally, this work appears to be an opposition to the natural and the artificial materials. However, there is another counterpoint - the natural state of the coal and the firewood with the precision and the rationality in their piling. The installed material holds a significant quantity of energy that is, on the level of this project, in a state of potentiality. The fire is the imaginary energetic substance this object was made of (room, house, compartment or, as Manevski defines it - a territory). Its form materializes the silhouette of the section of the showroom that is supposed, with its simplicity and originality, to realize its influence instantly and uninterruptedly. It is supplemented by the accompanying attributes of the materials - the smell of the firewood and the coal, the dust etc. The minimalistic tendencies, despite the applying of unusual material, are in the background of this work.

On the conceptual level this object is cutting a diachronic line (the longish base of the showroom) where certain initiation, ritual procedures are carried on, rituals of transformation after which the diachronic line continues (into the idea of partitioning of a long corridor) or comes across a dead end (in the realized concept of the Museum of the City of Skopje). Similarly to the attitude applied in most of his earlier works, here Manevski leaves the interpretive model without static positions. Instead, it floats among the allegories of the alchemistic transformations and the mentioned sentences that run in the darkness of the compartment. A territory of transformation and (or) a territory of the deep intimacy of the artist.

Beside the stated observations, the latest work of Manevski, considered as a project, holds several other levels of expression that commingle with some of his principles applied in the course of building the work that, to some extent, deliberately soften their contours. Bojan Ivanov noted that (Of shapes and stuctures, once more, Blagoja Manevski, catalogue, Art Gallery, Skopje, 1995): "His main interest is actually turned towards overwhelming the resistance, or overcoming certain hesitancy with which the things offer themselves to the formative consciousness of the artist. Namely, Manevski is rewriting the drama in which a man acquires its essence only in the aftermath of his very existence in the world, only, this time without the typical cynicism of today." The adventure of shaping the "Territory" was really very interesting because of the efforts to manage the large quantity of material and because of the constant adaptations and changes that normally accompany such projects. What aroused my personal interest in this situation is the feeling that this working principle is a continuation of most of his previous works, while some other works created in different periods are derived from the same presuppositions.

"Territory" is close in some points to another Manevski's project performed in 1994 and presented on photographs at his solo exhibition in the Art Gallery in Skopje in 1995 - "Vada a" and "Vada b". Ivanov, in the earlier mentioned text, says: "The huge circle on the muddy shore of the Debar Lake ... is a product of a simple artist's fascination with the uniformity of the natural structure and his urge to describe some order of a higher level." The round strip was also considered by Valentino Dimitrovski (Aspects of the Actual Artistic "Scene", The Large Glass, no. 4., 1997): "The round shape in its totality and self sufficiency (the traces of its shaping would imply negation of its wholeness) acts as by itself, as a natural phenomenon. But, the geometric regularity negates that distinctiveness, that "naturality". The work of art vibrates in this double cod-


FLAME
FLAME
FLAME
FLAME
FLAME

ing..." The processes of completion and presentation of these works are entirely different. What are their points of contact?

Allegories of an "order of the higher level" (the round strip or the initiation room) are introduced into a spatial context (the dried shore of the Debar Lake, i. e. the longish base of a showroom). Both works were presented as attitudes where the "higher" level is suggested as a given, present state. All the traces of the process of accomplishment were wiped out. They should remain only as spatial facts where the question of their conception does not show. Vada is, in fact, "Vada a" and "Vada b" - photographs exhibited in a gallery, while "Territory" is an installation offered to the spectators after all the adventure of piling the material was over, and the traces of the building were carefully cleaned from the floor. The impression remains that one of the permanent tendencies of Manevski is the emphasis of the materiality of the installation and its existence in space which usually results in large formats and distinction from the space where they are displayed (Sponsus and Sponsa, Hribla, Binderi etc.).

This attitude of the work of art as a fact in space leads to darkening of the process of performance, to its annulment. But, in Vada the process of accomplishment acts as an important background (imaginary) part although the traces were carefully wiped out. In the shape of Vada, however, as an act or a fact in time and space, it actually does not exist. It is defined as "Vada a" and "Vada b", as photographs papered separately on 12 alluminium plates where the circle (due to the angle of photographing) looks like an ellipse.

In "Territory" we come upon a similar attitude. It is an evident spatial fact where the process of its conception is relatively insignificant. But, considering the gallery standards, its building required a large quantity of material. The material itself, when introduced into a gallery showroom, acquires it own expressive potential. The background aspect of "Territory" is shown in the piling of the material into the space. When introduced into a gallery showroom it acquires the signification of an expressive element, either when scattered throughout the gallery or arranged into a completed object. Since its introducing into the showroom of the Museum of the City of Skopje, the process of building could have been halted at any instant (the artist was hesitating about that), but the installation would have kept one of the main objectives of Manevski - to acquire a remarkable showing in space.

Despite the uniqueness of the applied material, "Territory" does not leave the continuance of the artistic concepts of Manevski. It is, still, subjected to the principle that Liljana Nedelkovska (in her survey over the object Sponsus and Sponsa from 1990, The Large Glass, no. 2., 1995) calls "a paradox of the presentation". The work of art is "...on one hand offered as a compact, homogenous body, and on the other hand it emphasizes the differences and the game of relations."

Lazo Plavevski











## БЛАГОЈА МАНЕВСКИ

Роден во Скопје, 1957. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986.
Член на ДЛУМ од 1986.
Адреса: Георги Димитров 21-4/18, 91000 Скопје
тел. ++ 389 91 202 811

### Самостојни изложби:

1985 - Охрид, Дом на културата "Григор Прличев"; Титов Велес, Уметнички салон; Штип, Дом на културата "Ацо Шопов", Експресија во слика
1987 - Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје
- Куманово, Уметничка галерија
1988 - Белград, (Југославија), Галерија СКЦ
1995 - Скопје, Уметничка галерија "Скопје"
1997 - Скопје, Територија, Музеј на град Скопје

### Селектирани групни изложби:

1982 - Куманово, Скопје, Денови на младите творци на Македонија 82
1983/84 - Белград, (Југославија), 2. Биенале на југословенски цртеж, Галерија студентског града
1985 - Белград, (Југославија), Изложба на студенти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, Галерија Факултета ликовних уметности
- Карловац, Задар, (Хрватска); Ниш, Белград, (Југославија), 4. Биенале на југословенскиот акварел
- Скопје, Изложба на млади ликовни творци, Галерија "25 Мај"
- Кочани, Дом на културата "Бели Мугри"; Прилеп, Дом на културата "Марко Цепенков", Изложба на ликовни дела, стрип, карикатура и уметничка фотографија
1985/86 - Белград, (Југославија), 3. Биенале на југословенски студентски цртеж, Галерија Студентског града
1986 - Сараево, (Босна), Југословенска културна манифестација "Заедно"
- Ивањица, (Југославија), 19. Изложба на учесниците на Првата југословенска колонија на млади, Културни центар
- Скопје, Во пресрет на младоста, Дом на ЈНА
- Скопје, Состојба 1986., Галерија "25 Мај"
- Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија "Скопјев"
1987 - Сараево, (Босна), Југословенска Документа ´87, Скендерија
- Риека, (Хрватска), 14. Биенале на млади, Moderna galerija
- Скопје, Аквизиции VI - 1986, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, 1. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Сомбор, (Југославија), 9. Триенале на југословенски современ цртеж, Галерија "Ликовна јесен"
1988 - Скопје, Цртеж... Цртеж - Објект, Уметнички круг 25, Дом на млади "25 Мај"
- Скопје, Уметнички салон на младите, Музеј на Македонија
- Скопје, Македонска уметност 1948 - 1988, Уметничка галерија "Скопје"
1989 - Херцег Нови, (Југославија), 22. Херцегновски зимски салон, Галерија "Јосип Бепо Бенковиќ"
- Риека, (Хрватска), 5 македонски уметници, Moderna galerija
- Куманово, Млади македонски сликари, Уметничка галерија
- Риека, (Хрватска), 15. Биенале на млади, Moderna galerija
- Сараево, (Босна), Југословенска Документа ´89, Скендерија
- Скопје, 2. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Пореч, (Хрватска), Galerija Narodnog univerziteta, Изложба на дела од Уметничката колонија Ривиера - Пореч, хотел Маестрал, Новиград (Хрватска)
- Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
1990 - Панчево, (Југославија), Нови движења во македонската уметност, Галерија "Олга Петров"
- Загреб, (Хрватска), 25. Салон на убави уметности во Загреб, Umjetnicki paviljon
- Пореч, (Хрватска), 30-то анале, Галерија "Istarska Sabornica"
- Чачак, (Југославија), Меморијал на Надежда Петровиќ, Уметничка галерија "Наdeдда Петровиќ"
- Скопје, 68 македонски уметници - изложба мал формат, Галерија "Глам"
1991 - Скопје, Сликарство и традиција, Галерија "Харфа"
- Загреб, (Хрватска), Загребска изложба на југословенски цртеж, Kabinet graficke umjetnosti "JAZU"
- Скопје, 3. Биенале на млади, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Нова постојана изложба на Музејот на современата уметност
- Вашингтон, (САД), Изложба на група македонски уметници
- Цртеж, The New Literature Art Salon "Pastarea"
1991 - Софија, (Бугарија), Современа уметност од Македонија, Art Gallery
1992 - Скопје, Апстрактно сликарство во Македонија 1960 - 1990, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, 14 македонски уметници во 80-те, Музеј на современата уметност - Скопје
- Куманово, Современи македонски сликари и скулптори (од колекцијата на Музејот на современата уметност), Уметничка галерија
1993 - Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
1994 - Скопје, Антологија на македонската ликовна уметност 1894 - 1994, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
1994/95 - Скопје, Кутија со слики, Прва годишна изложба на Сорос Центарот за современи уметности, Културен центар "Мала Станица"
1995 - Париз (Франција), 12 современи македонски сликари во Париз, SPADEM Parvi
- Скопје, 9 1/2: Нова македонска уметност, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, 12 современи македонски сликари во Париз, Уметничка галерија "Скопје"
1996 - Рим (Италија), Аспекти на македонската современа уметност, Pallazo "Ruspoli", Fondazione Memmo
- Подгорица (Југославија), Аспекти на македонската современа уметност, Центар за савремену уметност Црне Горе "Дворац Петровиќ"
- Горњи Милановац (Југославија), 4. Меуѓнародно биенале на минијатура, Музеј Таковског рудничког краја
- Нови Сад (Југославија), Балкан Арт ´96, Галерија САНУ
- Скопје, Медитеранскиот контекст на македонското сликарство и таписерија, Уметничка галерија "Скопје"
- Њу Јорк (САД), Македонска недела на младите и културата - Sense and Sensibility, Палата на ОН
- Скопје, Аквизиции 1986-1996, Музеј на современата уметност - Скопје
1997 - Љубљана (Словенија), Аспекти на македонската современа уметност, Mestna galerija
- Загреб (Хрватска), Аспекти на македонската современа уметност, Tloviževi dvori
- Лондон (Англија), Аспекти на македонската современа уметност, Riverside Studios

### Награди:

1985 - Скопје, Награда за сликарство на Изложба на млади ликовни творци
1986 - Скопје, Годишна награда за најдобар студент на Факултетот за ликовни уметности
1987 - Скопје, Награда на Музејот на современата уметност на 1. Биенале на млади
1989 - Скопје, Награда на Музејот на современата уметност на годишната изложба на цртед
1994 - Скопје, Награда на Уметничката галерија Скопје на годишната изложба на цртеж
1994/95 - Скопје, Награда на Сорос Центарот за современи уметности на изложбата "Кутија со слики"



## BLAGOJA MANEVSKI

Born in Skopje, 1957. Faculty of Fine Arts in Skopje, BFA 1986.
Member of DLUM (The Association of Macedonian Fine Artists) since 1986.
Address: Georgi Dimitrov 21-4/18, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. ++ 389.91.202.811

### Solo Exhibitions:

1985 - Ohrid, Cultural House "Grigor Prlicev"; Titov Veles, Art Salon; Stip, Cultural House "Aco Sopov", Expression in the Image
1987 - Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art
- Kumanovo, Art Gallery
1988 - Belgrade (Yugoslavia), Gallery SKC
1995 - Skopje, Art Gallery "Skopje"
1997 - Skopje, Territory, Museum of the City of Skopje

### Selected Group Exhibitions:

1982 - Kumanovo, Skopje, Days of the Young Creators of Macedonia 82
1983/84 - Belgrade (Yugoslavia), 2nd Biennial of the Yugoslav Drawing, Gallery of the Student City
1985 - Belgrade (Yugoslavia), The Exhibition of the Students at the Faculty of Fine Arts in Skopje, Gallery at the Faculty of Fine Arts
- Karlovac, Zadar (Croatia); Nis, Belgrade (Yugoslavia), 4th Biennial of the Yugoslav Aqarelle
- Skopje, Exhibition of Young Fine Artists, Gallery "25 May"
- Kocani, Cultural Center "Beli Mugri"; Prilep, Cultural Center "Marko Cepenkov", Exhibition of Fine Artistic Works, Cartoon, Caricature and Art Photography
1985/86 - Belgrade (Yugoslavia), 3rd Biennial of the Yugoslav Student's Drawing, Gallery at the Students City
1986 - Sarajevo (Bosnia), Yugoslav Cultural Manifestation "Together"
- Ivanjica (Yugoslavia), 19th Exhibition of the Participants at the First Yugoslav Youth Colony, Cultural Center
- Skopje, To Meet the Youth, House of JNA
- Skopje, State 1986., Gallery "25 May"
- Skopje, The Annual Exhibition of the Association of the Macedonian Fine Artists, Art Gallery "Skopje"
1987 - Sarajevo (Bosnia), Yugoslav Documenta '87, Skenderija
- Rijeka (Croatia), 14th Youth Biennial, Modern Gallery
- Skopje, Acquisition VI - 1986, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, 1st Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Sombor (Yugoslavia), 9th Triennial of the Yugoslav Contemporary Drawings, Artistic Autumn
1988 - Skopje, Drawings... Drawings - Object, Artistic Circle 25, Youth Cultural Center "25 May"
- Skopje, Art Salon of the Youth, Museum of Macedonia
- Skopje, Macedonian Fine Art 1948 - 1988, Art Gallery "Skopje"
1989 - Hertseg Novi (Yugoslavia), 22nd Hertseg Novi Winter Salon, Gallery "Josip Bepo Benkovic"
- Rijeka (Croatia), 5 Macedonian Artists, Modern Gallery
- Kumanovo, Young Macedonian Painters, Art Gallery
- Rijeka (Croatia), 15th Youth Biennial, Modern Gallery
- Sarajevo (Bosnia), Yugoslav Documenta '89, Skenderija
- Skopje, 2nd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Porec (Croatia), Gallery at the People's University, exhibited in the Hotel
"Maestral", Novigrad (Croatia), produced at the Art Colony Riviera Porec
- Skopje, DLUM Drawings, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
1990 - Pancevo (Yugoslavia), New Movements in the Macedonian Art, Gallery "Olga Petrov"
- Zagreb (Croatia), 25th Salon of the Fine Art in Zagreb, Art Pavilion
- Porec (Croatia), 30. Annual, Gallery "Istarska Sabornica"
- Cacak (Yugoslavia), Commemorative of Nadezda Petrovic, Art Gallery "Nadezda Petrovic"
- Skopje, 68 Macedonian Artists - Exhibition of Small Format Works, Gallery "Glam"
1991 - Skopje, The Painting and the Tradition, Gallery "Harfa"
- Zagreb (Croatia), The Zagreb Exhibition of Yugoslav Drawing, Cabinet of Graphic Art JAZU
- Skopje, 3rd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, The New Permanent Exhibition of the Museum of Contemporary Art
- Washington D.C.,(USA), Exhibition of 10 Macedonian Artists - Drawing, The New Literature Art Salon "Pastarea"
1991 - Sofia (Bulgaria), Contemporary Experience from Macedonia, Art Gallery
1992 - Skopje, The Abstracts Painting in Macedonia 1960 - 1990, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, 14 Macedonian Artists in the 80's, Skopje Museum of Contemporary Art
- Kumanovo, The Contemporary Macedonian Painters and Sculptors (from the collection of the Skopje Museum of Contemporary Art), Art Gallery
1993 - Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
1994 - Skopje, Anthology of Macedonian Art 1894 - 1994, Skopje Museum of Contemporary Art
- Skopje, DLUM Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
1994/95 - Skopje, Image Box, The First Annual Exhibition of the Soros Center for Contemporary Arts, Cultural Center "Mala Stanica"
1995 - Paris (France), 12 Contemporary Macedonian Painters in Paris, SPADEM Parvi
- Skopje, 9 1/2: New Macedonian Art, Skopje Museum of Contemporary Art
1996 - Rome (Italy), Gli Aspetti dell'Arte Macedone Odierna, Pallazo "Ruspoli", Fondazione Memmo
- Podgorica (Yugoslavia), Aspects of the Current Macedonian Art, Center for Contemporary Art of Montenegro "Dvorac Petrovic"
- Gornji Milanovac (Yugoslavia), 4th International Biennial of Miniature, Museum of the Rudnik - Takovo Region
- Novi Sad (Yugoslavia), Balkan Art '96, Gallery of SANU
- Skopje, Mediterranean Context of Macedonian Painting and Tapestry, Art Gallery "Skopje"
- New York (USA), Macedonian Week of Youth and Culture - Sense and Sensibility, Palace of UN
- Skopje, Acquisitions 1986-1996, Skopje Museum of Contemporary Art
1997 - Ljubljana (Slovenia), Aspects of the Current Macedonian Art, Mestna galerija
- Zagreb (Croatia), Aspects of the Current Macedonian Art, Tlovicevi dvori
- London (England), Aspects of the Current Macedonian Art, Riverside Studios

### Awards:

1985 - Skopje, Award for painting on the Exhibition of Young Fine Artists
1986 - Skopje, Annual Award for the Best Student at the Faculty of Fine Arts
1987 - Skopje, Award of the Skopje Museum of Contemporary Art at the 1st Youth Biennial
1989 - Skopje, Award of the Skopje Museum of Contemporary Art at the Annual Drawing Exhibition
1994 - Skopje, Award of the Art Gallery at the Annual Drawing Exhibition
1995 - Skopje, Award of the Soros Center for Contemporary Arts at the Image Box







*Музејот на град Скопје изразува особена благодарност на* ***АД МАКПЕТРОЛ*** *- Скопје, без чија помош проектот не ќе можеше да се реализира*


| | |
|---|---|
| Издавач | Publisher: |
| *Музеј на град Скопје* | *Museum of the City of Skopje* |
| Одговорен уредник | Editor-in-Chief |
| *Климе Коробар* | *Klime Korobar* |
| Организација на изложбата | Organization of the exhibition: |
| *Фросина Зафировска* | *Frosina Zafirovska* |
| *Лазо Плавевски* | *Lazo Plavevski* |
| *Текст во каталогот* | Preface |
| *Лазо Плавевски* | *Lazo Plavevski* |
| Биографија, изложби | Biography, exhibitions |
| *Документација на SCCA - Скопје* | *Documentation of the SCCA - Skopje* |
| Дизајн на каталогот | Layout |
| *Фросина Зафировска* | *Frosina Zafirovska* |
| Фотографии | Photographs |
| Марин Димески | Marin Dimeski |
| *Румен Ќамилов (SCCA - Скопје, стр. 5, 8, 9,13)* | *Rumen Camilov (SCCA - Skopje, p. 5, 8, 9, 13)* |
| Превод на англиски | Translation: |
| *Маја Хаџимитрова - Иванова* | *Maja Haxdzmitrova - Ivanova* |
| Печати | Printed by |
| *Скенпоинт* | *Scanpoint* |
| Реализација | Realization |
| *Музеј на град Скопје* | *Museum of the City of Skopje* |
| *февруари 1997* | *February 1997* |

SCCA
Soros Center for Contemporary Arts - Skopje, Macedonia
Сорос Центар за современи уметности - Скопје, Македонија

Министерство за Култура на Р. Македонија

| | |
|---|---|
| *Изложбата и каталогот се реализирани со помош на:* | *The exhibition and the catalogue were supported by the* |
| *Министерството за култура на Република Македонија* | *Ministry of Culture of the Republic of Macedonija* |
| *Сорос Центарот за современи уметности - Скопје* | *Soros Center for Contemporary Art - Skopje* |

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
73/5.036 (497.17) (06.064) Маневски, Б.
ISBN 9989-612-18-8
COBISS - ID 24417290

smoke are illuminating our nook. Flamme und beisender Rauch erhellen unseres

ent, and the same wisdom: and I - the same. Dasselbe Zimmer, derselbe Augenblick

Rauch erhellen unseres Eckchen.Пламен и чад , што каса, го осветлува нашето катче.

соба, ист час и иста мудрост: а и јас - ист. The same room, the same moment, and

the same wisdom: and I - the same.

осветлува нашето катче. Flame and stinging smoke are illuminating our nook.

I - the same.Иста соба, ист час и иста мудрост: а и јас - ист.Dasselbe Zimmer,

